Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за спорт
Ministria e sporteve

Бр. - Nr 14-251/1
30.01.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

# Република Северна Македонија
# Министерство за спорт

## ИНСПЕКЦИСКА СУЖБА
## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**

| | |
|---|---|
| Број: | Ип.1.14-251/1 |
| Датум: | 30.01.2026 година |

Архивски знак:________
Рок на чување:________
________201__ год.
Потпис,

**1. Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Столтенбергова бр.1 Скопје – Центар, Центар |
| Адреса за е-пошта | contact@canoe.mk |
| Телефон | +389 77 520 353 |
| Матичен број на субјектот | 5138787 |
| Даночен број на субјектот | 4030985160962 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 300000000861493 |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Роберт Папазов | +389 77 520 353 | contact@canoe.mk |

**2. Податоци за инспекцискиот надзор**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | **2.ВОНРЕДЕН** | |
| Датум на почеток на инспекцискиот | (ден,месец.година) **29.01.2026** | Време на почеток на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **09.00** |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | (ден,месец.година) **30.01.2026** | Време на завршување на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **12.30** |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | **Канцеларија на федерацијата** | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | **93.190 – Спортски дејности, н.д.м.**<br>**10.2 - спортско здружение** | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | **Столтенбергова бр.1 Скопје – Центар, Центар** | | |

**3. Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):**
1. **месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ___________ година;**
2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. _______________, _________ од.година;

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

3. Барање за вонреден инспекциски надзор, бр. 14-146/1, од.21.01.2025 година;
4. записник, за извршен инспекциски надзор број, бр. _______________ од.година.

**4. Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):**

| | |
|---|---|
| **1.** | **Димитар Терзиев, Виш инспектор за спорт** |

**5. Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајки го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):**

Член 14 став 6 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25),

**6. Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник;
2. **Не се употребени листи за проверка.**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**7. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| **Роберт Папазов** | +389 77 520 353 | contact@canoe.mk |

**8. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| | Име Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |

**9. Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

**10. Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:**

Врз основа приложената документација, како и изјаснувањето на претставникот на Националната спортска федерација, во однос на предметот и опфатот на инспекцискиот надзор, утврдена е следната фактичка состојба:

Согласно Списокот на здружени клубови членки на Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија број 03-165 од 24.10.2025 година, во националната спортска федерација здружени се 12 членки спортски клубови.

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Членката СК Педл клуб Скопје заведена под реден број 12 од наведениот список, согласно кажувањата на претставникот на субјектот на инспекциски надзор и билтените за остварените резултати од државните првенства за 2025 година, не учествувала во организиран систем на натпревари односно на државно првенство организирано од Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија.

Согласно член 10 став 1 алинеја 5 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), Спортскиот клуб може да врши дејност спорт, ако се исполнети следниве услови односно да учествува во организиран систем на натпревари, односно спортско - рекреативни активности

Согласно член 14а став 2 од Законот за спортот Собранието на националните спортски федерации во индивидуалните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици

Согласно член 11 став 2 од Законот за спортот исполнетоста на условите за вршење дејност спорт ги утврдува органот на држаната управа надлежен за работите од областа на спортот а согласно член Член 70 став 1 алинеја 3 инспекторот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот врши надзор, особено на постоењето услови за вршење на дејност спорт кај спортските клубови, националните спортски федерации и МОК

Врз основа на наведното, СК Педл клуб Скопје не ги исполува условите за вршење дејност спорт од член 10 став 1 алинеја 5 од Законот за спортот со што истиот не може да претставува спортски клуб и не може со свои претставници да го сочинува собранието на националната спортска федерација од член 14а став 2 од Законот за спортот, со што не може да учествува во изборот на лицето што ја претставува националната спортска федерација од член 14 став 6 од Законот за спортот.

- **врз основа на утврдена фактичка состојба:**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

1. не се утврдени никакви неправилности

2. **утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:**

   - **СК Педл клуб Скопје не ги исполува условите за вршење дејност спорт од член 10 став 1 алинеја 5 од Законот за спортот, со што Списокот на здружени клубови членки на Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија од член 11 став 9 алинеја 5 од Законот за спортот, не е сочинет од спортски клубови кои ги исполнуваат условите од член 10 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).**

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Врз основа на наведените утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, вишиот инспекторот за спорт кој го изврши инспекцискиот надзор ќе се изрече инспекциска мерка согласно член 71 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

1. **Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.**

2. **Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:**

- ____________________
- ____________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот | |
| Датум: | | Датум: | 30.01.2026 година |

***Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините***

____________________

____________________

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR